Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**П Р И Л О Г**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА**

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори |
| Одговорно лице и контакт информации: | Ана Каранфиловска Мазнева, Раководител на Секторот за управување со отпад |
| Вид на Извештај: | ☐ Нацрт<br>☒ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☒ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ Друго |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | Директива 2006/66 на Европскиот Парламент и на Советот од од 6 септември 2006 година за батерии и акумулатори и за отпадни батерии и акумулатори и за укинување на Директивата 91/157/ЕЕЗ |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 26.11.2019 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 18.05.2020 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | 08.06.2020 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2020 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### Опис на состојбите

Република Северна Македонија генерално се соочува со проблеми и предизвици во однос на управувањето со отпадот. Управувањето со отпадни батерии и акумулатори претставува еден сегмент на управувањето со отпад во Република Северна Македонија.

Управувањето со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори во Република Северна Македонија е уредено со Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (“Службен весник на Република Македонија” број бр. 140/10, 47/11, 148/11, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/16). Овој закон се применува на сите видови на батерии и акумулатори, без разлика на нивната форма, зафатнина, тежина, материјалот од кој се составени или намената за користење, независно дали истите се вградени или не во уред или возило.

Овој закон не се применува на батериите и акумулаторите кои се користат во опремата која е наменета за користење во одбраната, оружјето, муницијата и воениот материјал, со исклучок на производите кои не се наменети за конкретни воени цели, и опрема наменета за испраќање во вселената.

Законот е усогласен со Директивата 2006/66 на Европскиот Парламент и на Советот од од 6 септември 2006 година за батерии и акумулатори и за отпадни батерии и акумулатори и за укинување на Директивата 91/157/ЕЕЗ.

Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ја утврдува рамката за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, која претежно се заснова на начелото на одговорност на производителот. Врз основа на направените анализи, досегашниот систем за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори се спроведуваа од неколку самостојни и колективни постапувачи за управување со отпадни батерии и акумулатори кои ги преземаат обврските на производителите што произлегуваат од овој закон. Една од слабостите на досегашното спроведување на законот покажа дека значителен дел на производители на батерии и акумулатори сеуште не се приклучиле кон воспоставените системи.

### 1.1 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Постојат неколку причини од кои произлезе потребата за нови законски решенија за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, и тоа:

- потребата за доусогласување на националното законодавство со последните измени на Директивата 2006/66/ЕЗ батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори;
- недоволна исполнетост и спроведување на основното начело на кои се темелат овие закони, а тоа е „начелото на проширена одговорност на производителот“ не е уреден начинот на исполнување на обврските на производителите од странство кои не се регистрирани во Република Северна Македонија, а кои пуштат на пазар на батерии и акумулатори од странство преку е-трговија, и
- недоволно уредени обврски на економските оператори во управувањето со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.

## 2. Цели на предлог регулативата

Основните цели на овој предлог закон се:

- намалување до најмало можно ниво на негативното влијание на батериите и акумулаторите и отпадните батерии и акумулатори врз животната средина и здравјето на луѓето, и

- унапредување на стандардите за заштита на животната средина од страна на економските оператори вклучени во текот на животниот циклус на батерии и акумулатори, особено вклучените во процесот на третман и рециклирање на отпадните батерии и акумулатори.

Покрај основните цели, во согласност со начелото на циркуларна економија, со овој закон треба да се постигнат и следниве цели:

- да се спречи создавањето на отпадните батерии и акумулатори;
- да се намали количеството на опасни супстанци во батериите и акумулаторите, и со тоа да се намали токсичноста на отпадот од батерии и акумулатори;
- да се постигне високо ниво на рециклирање и други видови на преработка на отпадните батерии и акумулатори, како и намалување на депонирањето на отпадните батерии и акумулатори;
- обезбедување на сеопфатен систем за управување со отпадни батерии и акумулатори (враќање, собирање, третман и рециклирање на отпадните батерии и акумулатори);
- зголемување до најголема можна мера на одделното собирање на батерии и акумулатори и спречување на отстранувањето на отпадните батерии и акумулатори како дел од комуналниот отпад, со цел да се постигне висок степен на нивна преработка;
- обезбедување на услови за развој на пазарот за рециклирање и други начини на преработка на отпадни батерии и акумулатори;
- обезбедување на еднаква положба на пазарот за домашните и странските правни и физички лица, како и избегнување на трговски бариери кои можат да ја нарушат конкуренцијата, и
- потикнување на користењето на најдобрите достапни техники и технологии за преработка и рециклирање на отпадните батерии и акумулатори.

## 3. Можни решенија (опции)

Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

При подготовката на предлог законот беа разгледани две опции и тоа:

### *3.1.* <u>ОПЦИЈА</u> „не прави ништо“ - не донесување на нов Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

Со оваа опција состојбата во управувањето со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ќе остане непроменета т.е. постои многу мала веројатност дека ќе се случат крупни позитивни промени во досегашното управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори за да се отстранат слабостите при спроведување на законот.

Воедно, усвојувањето на новиот Закон за управување со отпадот и Законот за проширена одговорност на производителот во управувањето со посебните текови на отпад, внесуваат нов пристап во управувањето со отпадот во Република Северна Македонија, така што и ќе се создадат тешкотии на спроведување на барањата на постојниот Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.

Преку опцијата „не прави ништо“, обврската за усогласување на националното законодавство со важечкото законодавство на Европската Унија т.е. со Директивата 2006/66/ЕЗ за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, ќе остане делумно усогласена.

### 3.2 <u>ОПЦИЈА 1</u> – донесување на нов Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

Реализацијата на оваа опција би значело:

- забрзување на процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ;

- прилагодување на законодавство за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори со новиот пристап на управување со отпадот воведен со Законот за управување со отпадот и Законот за проширена одговорност на производителите во управувањето со посебните текови на отпад;
- допрецизирање на законските одредби и обврските на економските оператори кој ќе придонесува кон ефикасно спроведување на системот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори во Република Северна Македонија.

Имено, со оваа Опција ќе се отстранат суштинските слабости во управувањето со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори кои се покажа во изминатиот период. Воедно, усвојувањето на новиот Закон ќе значи исполнување на обврската на Република Северна Македонија за транспонирање на европското законодавство во националното законодавство.

**3.3 <u>ОПЦИЈА 2</u> – измени и дополнувања на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.**

Со оваа опција се предлага измена на постојниот Закон и во него соодветно ќе се пропишат потребните одредби со кои ќе се овозможи усогласување со новиот пристап во управувањето со отпадот генерално и особено во однос на исполнување на проширената одговорност на производителот.

**Проценка на влијанијата на регулативата**

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

**<u>Опција „не прави ништо“</u>**

*4.1 Економски влијанија*

*<u>Негативни влијанија</u>*

Досегашното спроведување на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, покажа дека постојат недостатоци во истиот поради неможноста за евидентирање и вклучување на производителите во постојните систем или исполнување на обврските од законот за плаќање на надоместокот утврден во законот. Ваквиот пристап предизвикува нелојална конкуренција и нееднаков третман на економските оператори.

*4.2 Фискални влијанија*

*<u>Негативни влијанија</u>*

Неспроведувањето на сегашните законски барања, влијае на несоодватно постапување со отпадните батерии и акумулатори негативно влијае врз животната средина и здравјето на граѓаните со што индиректно влијае доведува до зголемени трошоци на населението и државата за здравствена заштита.

Исто така, во законот е пропишано плаќање на надоместок од страна на производителите кои не се приклучени во самостојните или колективните системи за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори. Постојното законско решение не обезбедува доволна контрола на производителите во однос на исполнувањето на финансиските обврски од законот.

*4.3 Социјални влијанија*

*<u>Позитивно влијание</u>*

Делумно. Постојниот Закон несомнено ја подобри состојбата во поглед на социјалните влијанија споредено со состојбата пред неговото донесување (основање на неколку собирачи и колективни постапувачи кои донесоа и одреден број нови работни места), но потенцијалот на овој сектор не е целосно искористен.

<u>*Негативни влијанија*</u>
Досегашното спроведување на правната рамка за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори покажа низок степен на собирање и третман на отпадните батерии и акумулатори.
Недоволното искористување на отпадните батерии и акумулатори како ресурс преку рециклирање значи намалени можности за отворање на нови капацитети за третман и рециклирање со тоа што и намалени можности за отварање на нови работни места со тоа што и негативно се влијае врз стапката на невработеност во државата.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

<u>*Негативни влијанија*</u>
Со изборот на опцијата “Не прави ништо” се доведува во прашање спроведувањето на сегашниот закон поради новиот пристап за управување со посебните текови на отпад воведен со новите закони (Законот за управување со отпадот и Законот за проширена одговорност на роизводителот во управувањето со посебните текови на отпад). Истотака, идентификуваните правни недостатоци во сегашниот закон ќе продолжат да бидат пречка за надминување на негативните влијанија врз животната средина кои веќе се манифестираат како на пример:

- недоволно одделно собирање на отпадните батерии и акумулатори,
- отстранување на отпадните батерии и акумулатори како несортиран комунален отпад,
- отстранување на отпадните батерии и акумулатори преку депонирање поради горење на отпадните батерии и акумулатори,
- користење на природните ресурси наместо рециклирање на материјалите,
- негативно влијание на отпадните батерии и акумулатори врз животната средина и врз здравјето на луѓето, и
- други негативни влијанија.

*4.5 Административни влијанија и трошоци*

*а) трошоци за спроведување*

Нема влијание.

*б) трошоци за почитување на регулативата.*

Нема влијание.

***<u>Опција 1</u>- Донесување на нов Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори***

Можни позитивни и негативни влијанија:

*4.1* **Економски влијанија**

Донесување на новиот Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ќе има позитивни влијание врз економијата и тоа:

- ќе овозможи создавање еднакви услови за домашни и странски производители кои пуштат на пазар батерии и акумулатори;

- ќе придонесе за елиминирање на нелојалната конкуренција меѓу компаниите кои пуштат на пазар батерии и акумулатори од кои настануваат отпадните батерии и акумулатори;
- ќе придонесе за отворање на нови компании, првенствено мали и средни во подрачјето на собирање, транспорт и третман на отпадни батерии и акумулатори;
- ќе го намали, а на подолг рок и ќе го елиминира постапувањето со отпадни батерии и акумулатори на незаконски начин;
- ќе овозможи достапност на суровини за рециклаторите кои моментално функционираат во државата, а ќе поттикне и отворање на нови компании за третман на отпадни батерии и акумулатори,
- отворање на нови работни места и подигнување на животниот стандард.

Економските оператори во управувањето со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори се очекува да имаат трошоци за операциите за собирање, транспорт, третман, информирање на јавноста и како други административни трошоци. Овие трошоци за производителите постојат и согласно сегашниот систем.

Дополнително, на економските оператори им се наметнува обврска за поседување на финансиска гаранција која ќе биде искористена само доколку не се исполнат законски пропишаните обврски.

### 4.2 ***Фискални влијанија***

<u>*Негативни:*</u> Со предлог законот не се наметнуваат нови обврски за органите на централната и локалната власт и со тоа не постојат дополнителни оптоварувања за буџетот на централната или локалната власт.

<u>*Позитивни:*</u> Со новиот закон, како и со досегашниот се определува надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори но разликата е во тоа што се ограничува можноста за неплаќање на надоместокот.
Според одредбите на Законот, производителот е должен да обезбеди финансиска гаранција за да го гарантира исполнувањето на обврските од законот, а доколку производителот преку колективниот постапувач или самостојно не ги остварува законските обврски, а со тоа се доведува во прашање и остварувањето на националните цели, ќе биде активирана финансиската гаранција на начин како што е предвидено со Законот за проширена одговорност на производителите во управувањето со посебните текови на отпад. Средствата од финансиската гаранција се непланиран приход на Буџетот на Република Северна Македонија, а ќе се користат за реализација на Програмата за управување со посебните текови на отпад.

### *4.3 Социјални влијанија*

<u>Позитивни:</u> Со примената на новиот предлог закон се очекува да се зголеми собирањето и третманот на отпадните батерии и акумулатори. При што се очекува да се развие пазарот на третман на отпадни батерии и акумулатори со тоа и зголемување на работните места во овој сектор.
Очекуваните позитивни влијанија врз животната средина позитивно ќе влијаат врз здравејто на луѓето со што индиректно ќе влијае и намалување на трошоците за здравствена заштита.

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

<u>Позитивни влијанија:</u>

Предлог законот, како и сегашниот закон прецизно ги пропишува барањата кои треба да ги исполнуваат батериите и акумулаторите пред да се пуштат на пазар во Република Северна Македонија, и тоа:
- барања во поглед на употребата на тешки метали во батериите и акумулаторите,
- барања за олеснето отстранување и
- идентификација и означување на батериите и акумулаторите.

Воедно, според новиот предлог закон нема да се применуваат повеќе, досегашните исклучоци за:

- Батериите во форма на копче да можат да содржат жива не повеќе од 2% од тежината и
- Батерии употребени во безжични електрични алати.

Со примената на барањата од новиот предлог закон, се очекува да се постигнат национални цели за собирање не само за преносните батерии и акумулатори туку и за собирање на автомобилските и индустриските батерии и акумулатори. Со овој пристап ќе се обезбеди минимизирање на отпадните батерии и акумулатори кои ќе се отстрануваат на депонии, а со тоа ќе се обезбедуваат материјални ресурси кои се замена и истовремено заштеда на природните ресурси.

Негативно влијание: Не се очекуваат негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето.

*4.5 Административни влијанија и трошоци*

*а) трошоци за спроведување*

На подолг рок, со модернизацијата на системот за евиденција на податоците од економските оператори вклучени во управувањето со батерии и аумулатори и отпадни батерии и акумулатори се очекува намалување на административните трошоци кај државните органи и економските оператори.

*б)трошоци за почитување на регулативата*

Нема влијание.

***Опција 2 - Донесување на измени и дополнувања на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори***

Можни позитивни и негативни влијанија:

*4.1* ***Економски влијанија***

Донесување на измените и дополнувањето на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ќе има позитивни влијание врз економија и тоа:

- создава еднакви услови за домашни и странски производители кои пуштат на пазар батерии и акумулатори;
- ќе ја елиминира нелојалната конкуренција меѓу компаниите кои пуштат на пазар батерии и акумулатори од кои настануваат отпадните батерии и акумулатори;
- ќе се создаде простор за отворање на нови компании, првенствено мали и средни во подрачјето на собирање, транспорт и третман на отпадни батерии и акумулатори;
- ќе го намали, а на подолг рок и ќе го елиминира постапувањето со отпадни батерии и акумулатори на незаконски начин;
- ќе овозможи достапност на суровини за рециклаторите кои моментално функционираат во државата, а ќе поттикне и отворање на нови компании за третман на отпадни батерии и акумулатори,
- отворање на нови работни места и подигнување на животниот стандард.

Економските оператори во управувањето со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори се очекува да имаат трошоци за операциите за собирање, транспорт, третман, информирање на јавноста и како други административни трошоци. Овие трошоци производителите ги имале и согласно сегашниот ситем.

Како дополнителни трошоци, економските оператори ќе ги имаат трошоци за отворање на банкарски гаранции и трошоците за финансирање на системите за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.

### 4.2 *Фискални влијанија*

*Негативни:* Со измените и дополнувањата на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори нема да се наметнат нови обврски за буџетот на централната или локалната власт.

*Позитивни:* Со измените и дополнувањата на Законот се потврдува досегашниот систем за определување на надоместок за постапување со отпадни батерии и акумулатори, и истиот се унапредува во смисла на ограничување на можноста за неплаќање на надоместокот.

Дополнително, производителот ќе биде должен да обезбеди финансиска гаранција за да го гарантира исполнувањето на обврските од законот, а доколку производителот преку колективниот постапувач или самостојно не ги остварува законските обврски и националните цели, ќе биде активирана финансиската гаранција на начин како што е предвидено со Законот за проширена одговорност на производителите во управувањето со посебните текови на отпад. Средствата од финансиската гаранција се непланиран приход на Буџетот на Република Северна Македонија, а ќе се користат за реализација на Програмата за управување со посебните текови на отпад.

### *4.3* ***Социјални влијанија***

Позитивни: Со измените и дополнувањата на Законот се очекува да се зголеми собирањето и третманот на отпадните батерии и акумулатори. При што се очекува да се развие пазарот на третман на отпадни батерии и акумулатори со тоа и зголемување на работните места во овој сектор.
Очекуваните позитивни влијанија врз животната средина ќе го намалат и ризикот од заболувања на населението, со што ќе се намалат и трошоците на јавниот здравствен сектор и трошоците на граѓаните за евентуално лекување.

### *4.5 Влијанија врз животната средина*

Позитивни влијанија:
Со измените и дополнувањата на Законот, како и сегашниот закон прецизно ќе се пропишат барањата кои треба да ги исполнуваат батериите и акумулаторите пред да се пуштат на пазар во Република Северна Македонија, и тоа:
- барања во поглед на употребата на тешки метали во батериите и акумулаторите,
- барања за олеснето отстранување и
- идентификација и означување на батериите и акумулаторите.

Воедно, со измените и дополнувањата на Законот нема да се применуваат повеќе, досегашните исклучоци за:
- Батериите во форма на копче да можат да содржат жива не повеќе од 2% од тежината и
- Батерии употребени во безжични електрични алати.

Со измените и дополнувањата на Законот, се очекува да се постигнат национални цели за собирање не само за преносните батерии и акумулатори туку и за собирање на автомобилските и индустриските батерии и акумулатори. Со овој пристап ќе се обезбеди минимизирање на отпадните батерии и акумулатори кои ќе се отстрануваат на депонии, а со тоа ќе се обезбедуваат материјални ресурси кои се замена и истовремено заштеда на природните ресурси.

Негативно влијание: Не се очекуваат негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето.

### *4.5* ***Административни влијанија и трошоци***

*а) трошоци за спроведување*

На подолг рок, со модернизацијата на системот за евиденција на податоците од економските оператори вклучени во управувањето со батерии и аумулатори и отпадни батерии и акумулатори се очекува намалување на административните трошоци кај државните органи и економските оператори.

*б)трошоци за почитување на регулативата*

Нема влијание.

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Предлог законот е објавен на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и ЕНЕР. Во рамките на ИПА Твининг проектот за спроведување на рамковната директива за отпад и посебните текови на отпад беа формирани повеќе работни групи во рамките на кои беше дискутиран законот и повеќе пати разгледуван при неговата подготовка.

Истиот е доставен до засегнатите страни и тоа:

1. Органи на државна управа :
    - Министерство за економија;
    - Министерство за финансии;
    - Министерство за внатрешни работи;
    - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
    - Министерство за здравство;
    - Министерство за информатичко општество и администрација;
    - Министерство за правда;
    - Управа за јавни приходи;
    - Заменик претседател на Владата на РМ задолжен за економски прашања;
    - Царинска управа на Република Македонија;
    - Секретаријат за европски прашања;
    - Секретаријат за законодавство;
    - Регулаторна Комисија за енергетика;
    - Инспекциски совет;
    - Државен пазарен инспекторат;
    - Државен комунален инспекторат
    - Државен инспекторат за животна средина.
2. Единици на локална самоуправа
    - ЗЕЛС (Заедница на единици на локална самоуправа).
3. Јавни комунални претпријатија
4. Стопански Комори
    - Стопанска Комора на Република Македонија;
    - Сојуз на Стопански комори и
    - Стопанска Комора на Северозападна Македонија.
5. Здружение на даватели на Комунални услуги - АДКОМ
6. Колективните постапувачи со отпад и
7. Невладини организации кои делуваат во полето на заштитата на животната средина.

На 27 ноември 2019 година презентација и јавна расправа со невладиниот сектор.
На 17 ноември 2019 година уште една јавна расправа со Стопанска комора.
На 18 ноември 2019 година јавна расправа со единици на локална самоуправа и општа јавност.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Прегледот на добиени и вградени мислења е даден во Табелата која е дадена во прилог на овој извештај.

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Мислењата кои не се земени предвид и причините за тоа се дадени во Табелата која е дадена во Прилог на овој извештај.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

***ОПЦИЈА „Не прави ништо“***

Со изборот на опцијата “Не прави ништо” се доведува во прашање спроведувањето на сегашниот закон поради новиот пристап воведен со новите закони (Закон за управување со отпадот и Закон за проширена одговорност на роизводителите во управувањето со посебните текови на отпад). Истотака, идентификуваните правни недостатоци во сегашниот закон ќе продолжат да бидат пречка за надминување на негативните влијанија врз животната средина кои веќе се манифестираат со:

- недоволна присутност на одделното собирање на отпадните батерии и акумулатори како несортиран комунален отпад,
- депонирање на отпадните батерии и акумулатори,
- горење на отпадните батерии и акумулатори и
- користење на природните ресурси наместо користењето на рециклирани материјали.

Врз основа на горенаведените влијанија, Опцијата 1 е неприфатлива за прифаќање.

***ОПЦИЈА 1 – Донесување на нов Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори***

Во Оцијата 1 се нотирани само позитивни влијанија.

- Со донесување на новиот Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ќе се овозможи усогласување на управувањето со овој тек на отпад согласно правилата кои ќе бидат воспоставени со Законот за проширена одговорност на производителите за управување со посебните текови на отпад и Законот за управување со отпад, со кој јасно ќе бидат утврдени обврските на производителите, како и на колективните и самостојните постапувачи со посебен тек на отпад.
- Од економски аспект не се наметнуваат дополнителни трошоци за производителите, но значително ја намалува можноста истите да го избегнат исполнувањето на обврските за проширена одговорност. Со ова се поттикнуваат економски активности поврзани управувањето отпадните батерии и акумулатори и овозможување на достапност на суровини за рециклаторите кои моментално функционираат во државата, а ќе поттикне и отворање на нови компании за рециклирање.

Оваа опција ќе влијае на обезбедување на поголеми средства за воспоставување на комунална инфраструктура со што ќе се намалат трошоците на општините, а ќе се зголемат можностите на граѓаните да постапуваат со отпадните батерии и акумулатори согласно законските прописи.

Од социјален аспект, опцијата позитивно ќе влијае на зголемување на вработеноста, како и кон подигнување на јавната свест на населението за управување со батериите и акумулаторите со што ќе се овозможи поголемо искористување на отпадот како ресурс и со тоа ќе се обезбеди заштита на природните ресурси, како и се намалува количината на отпад што ќе заврши на депонија.

***<u>ОПЦИЈА 2</u> – Донесување на измени и дополнувања на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори***

Оцијата 2 како и опцијата еден ги има истите позитивни ефекти.

Негативните ефекти на Опција 2 се огледа во тоа што овој закон мора да се разгледува во контекст на целиот пакет на закони за управување со отпад. Измени и дополнувања на Законот би значело повторување и регулирање на исти работи во повеќе закони, при што ќе биде отежнато постапувањето на надлежните органи. Воедно тоа ќе придонесе кон преголема регулираност на областа, односно ќе постојат повеќе прописи кои се применуваат на една иста област што ќе биде потешко за субјектите да ги препознаат своите обврски. Со оваа опција областа на регулирање нема да биде регулирана на интегриран начин во еден пропис.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

За Опцијата „не прави ништо " поради воспоставениот нов пристап со Законот за управување со отпадот и Законот за проширена одговорност на производителите во управувањето со посебните текови на отпад, можно е да се појави правна неконзистентност.

За Опција 1, не се нотирани ризици.

Ризикот на ОПЦИЈА 2 е во фактот што преобемната регулатива ќе биде потешко да се применува и ќе доведе до зголемување на можноста за нееднаков третман економските оператори кои управуваат со отпадните батерии и акумулатори.

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Да се прифати Опцијата 1 и да се донесе новиот Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.

Оваа опција има позитивно влијание во сите погоре анализирани области.

Со оваа опција се очекува да се отстранат најсуштинските слабости во управувањето со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори кои се манифестираа во изминатиот период. Со остварување на претходно опишаните цели во овој документ, очекувано е квалитетот во управувањето со отпадни батерии и акумулатори да се унапредува и на долгорочен план да се достигне нивото на земјите на Европската Унија. Конечно, новиот Закон ќе значи и исполнување на обврската за транспонирање на важечкото европсното законодавство во националното законодавство.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

*Нема*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

За да се обезбеди спроведување на новиот закон потребно е во рок од една година да се донесат подзаконските акти кои произлегуваат од предлог законот.
Воедно, некои одредби од законот се уредени со подзаконски акти кои се предвидени да се донесат согласно Законот за проширена одговорност на производителот во управувањето со посебните текови на отпад.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

- Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Управа за животна средина (стручниот орган),
- Регионалните центри за управување со отпад,
- Државниот инспекторат за животна средина, преку своите државни инспектори за животна средина,
- Овластените инспектори за животна средина на општините, општините на Градот Скопје и Градот Скопје,
- Комуналните инспектори на општините и општините во градот Скопје и градот Скопје,
- Државниот пазарен инспекторат, преку своите државни пазарни инспектори,

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Заради спроведување на Законот потребно е да се преземат низа активности со цел негово ефикасно спроведување и тоа:

1. во временскиот период определен во законот потребно е да се подготват и донесат подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон,
2. донесување на подзаконските акти од Законот за проширена одговорност на производителот во управувањето со посебните текови на отпад кои се директно поврзани со овој закон,
3. информирање на крајните корисници, трговци, како и други субјекти за новиот систем за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Министерството за животна средина и просторно планирање ќе ја следи примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
Ефектите од спроведување на Предлог-Законот ќе бидат прикажани преку годишниот извештај на стручниот орган при Министерството за животна средина и просторно планирање кој ќе биде достапен за јавноста преку ВЕБ страницата на Министерството.

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуацијата на ефектите од имплементација на новиот предлог закон може да се следи врз основа на следните индикатори и тоа:

1. број на регистрирани производители кои пласират на пазаротот батерии и акумулатори,
2. бројот на регистрирани мали производители,
3. количеството на батерии и акумулатори пуштени на пазарот по производител и категорија,
4. местата за повратен прием на отпадните батерии и акумулатори по региони и општини,

5. собирните места и нивна дистрибуција по региони и општини,
6. собирните центри и нивна дистрибуција по региони и општини,
7. постигнатите цели за собирање на преносни, автомобилски и индустриски батерии и акумулатори,
8. ефикасноста на рециклирање на отпадните батерии и акумулатори,
9. количеството на извезени батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори,
10. собрани средства по основ на платен надоместок,
11. анализа на бројот на изречени глоби,
12. анализа на траењето на прекршочните постапки и
13. анализа на наплатата на изречените глоби.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:____________** **..............................................**
**потпис на државен секретар,**
**Каја Шукова**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:___________** **.......................................**
**потпис на министер,**
**Naser Nuredini**

ПРИЛОГ

| Предлози и забелешки по предлог на законите за управување со отпад | |
|---|---|
| Предложени измени | Прифатени /Одбиени (причини) |
| **2.ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ И ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ** | |
| **М-р Биљана Стевановска, претседател на организација ОРТ –Скопје** | |
| **Член 10**<br>**Забрана за депонирање и согорување на отпадни батерии и акумулатори**<br>Да се измени став.<br>(3) Остатоците од било кои батерии и акумулатори, кои поминале низ операции на преработка и рециклирање согласно овој закон и Законот за управување со отпадот, може да се отстранат со депонирање или со извоз, согласно одредбите на Законот за управување со отпадот.<br><br>Да се додаде став:<br>(4) Се забранува секаква постапка за горење, или согорување на остатоците од билокои батерии и акумулатори, дури и да поминале низ операции на преработка и рециклирање согласно овој Закон.<br>Да се додаде став:<br>(5) Се забранува увоз во Република Северна Македонија на отпадни батерии и акумулатори, остатоци од било кои батерии и | **Коментарот не се прифаќа**<br><br>Членот 10 од предлог законот е потполно усогласен со Директивата 2006/66 за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори. Имено во членот 10 е транспониран член 14 од Директивата, кој гласи:<br>„Член 14<br>Депонирање<br>Земјите членки забрануваат депонирање отпад на депонии или палење отпадни индустриски и автомобилски батерии и акумулатори. Меѓутоа, остатоците од било кои батерии и акумулатори кои поминале низ процес на обработка и низ процес на рециклирање во согласност со член 12(1), можат да се депонираат на депонии или да се запалат“.<br><br>Во ставот (3) од предлог законот кога се спомнува отстранување преку депонирање и согорување на остатоците од било кои батерии и акумулатори, кои поминале низ операции на преработка и |

| | |
|---|---|
| акумулатори, или преработки од рециклирани отпадни батерии и акумулатори. | рециклирање се мисли на операции на депонирање и горење кои се спроведуваат согласно одредбите од Законот за управување со отпад, т.е во инсталаци кои ги исполнуваат потребните барања за горење и депонирање. |
| **Член 16**<br>**Увоз на батерии и акумулатори**<br>Да се избрише ставот:<br>(3) Доколку производителот увезува искористени батерии и акумулатори во Република Северна Македонија, на увозот на истите ќе се применуваат одредбите од овој закон исто како да станува збор за увоз на нови производи.<br>Или да се промени ставот 3 вака:<br>(3) Се забранува увоз на искористени батерии и акумулатори во Република Северна Македонија.<br>Согласно предлогот за забраната за увоз на отпадни или користени батерии, да се изменат и делови од членовите **19, 25 и 35**. | Не се прифаќа бидејќи доколку користените производи ги задоволуваат условите прошишани во членот 9 не може да се забрани увоз и може да се користат како производ. Но, за нив важи исто како за новите батерии и акумулатори. Ова не се однесува на „Отпадна батерија или акумулатор" регулирана во точка 7 од член 6 т.е. е секоја батерија или акумулатор кои се опфатени и се сметаат за отпад согласно со дефиницијата за отпад пропишана со Законот за управување со отпадот; |
| **Член 25**<br>**Примена на барањата за увоз на користени батерии и акумулатори**<br>Да се додаде став 2:<br>(2) Производителот за увезените во Република Северна Македонија користени батерии и акумулатори, да достави обврска да бидат во функција најмалку 1 година пред да станат отпад. | **Коментарот се прифаќа** |
| **Член 35**<br>**Надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори**<br>Член 35 да се избрише. | **Коментарот не се прифаќа**<br><br>Надоместокот предвиден во член 35 од предлог законот се однесува на батерии и акумулатори кои се пуштат на пазар во Република |

| | |
|---|---|
| Треба да се забрани увоз на отпадни батерии и акумулатори, за да не се претвори Република Северна Македонија во депонија на отпадни батерии и акумулатори од цел западен и источен свет.<br>Дали ставовите 5 и 6 се однесуваат на **нови или отпадни** батерии и акумулатори?<br>(5) Обврската за пресметување на надоместокот за производителот кој, како краен корисник увезува **батерии и акумулатори** во Република Северна Македонија, настанува во моментот кога почнува користењето на батериите и акумулаторите.<br>(6) Производителот и производителот кој како краен увозник увезува **батерии и акумулатори** во Република Северна Македонија е должен да го плати утврдениот надоместок секој 15-ти ден од тековниот квартал на годината за сите пресметани надоместоци за претходниот квартал. | Северна Македонија, а не на отпадни батерии и акумулатори. Обврската од ставовите 5 и 6 се однесува на нови или користени, а не на отпадни. |
| **Член 41**<br>**Делокруг на надзор на државниот инспектор за животна средина**<br>Да се избрише точка:<br>Вршењето на надзорот...:<br>врши увид и контрола и да утврди дали со отпадните батерии и акумулатори се постапува спротивно на член 10 од овој закон;<br>истата точка да се додаде во: | **Коментарот се прифаќа.**<br>Во предлог законот направени се потребните интервенции. |
| **Член 43**<br>**Делокруг на надзор на овластените инспектори за животна средина на општините, општините на Градот Скопје и Градот Скопје и комуналните инспектори на општините, општините на Градот Скопје и Градот Скопје** | **Коментарот се прифаќа.**<br>Во предлог законот се направени потребните интервенции. |

| | |
|---|---|
| Да се додаде точка:<br>Вовршењето на надзорот….:<br>3) врши увид и контрола и да утврди дали со отпадните батерии и акумулатори се постапува спротивно на член 10 од овој закон;<br>Причина: согорувањето може да се случи локално. Локално секој овластен инспектор ќе може да контролира во секоја општина поефикасно затоа што ги има повеќе персонал и се локално распределени, за разлика од државните инспектори кои се помалку и не се во секој град. | |
| Стопанска комора на Македонија, Сојуз на Стопански комори на Македонија | |
| **Член 6, став (1) точка** 12, дефиницијата за национална цел не соодвествува со истата дефиниција во Законот за проширена одговорност на произодителот. Предлагаме да се преземе дефиницијата од тој закон од причина што националната цел не е целта која треба да ја исполнат производителите туку тоа е целта која Република Северна Македонија треба да ја исполни додека производителите треба да ги исполнат посебните цели (како што е дадено во Законот за ПОП).<br><br>Исто така, предлагаме дополнување на овој член со дефиницијата за „посебна цел“ која би се префрлила од Законот за ПоП. | **Коментарот делумно се прифаќа.**<br>Во предлог законот ќе се направат потребните интервенции во однос на дефиницијата за “посебната цел“ која ќе се предвиди како обврска на производителите.<br>Дефиницијата „Национална цел за собирање“ е дефиниција која е усогласена со Директивата 2006/66 и истата ќе остане непроменета како национална цел која треба да се исполни во територијта на Република Северна Македонија. |
| **Член 18 став (1)** предлагаме намалување на целите за собирање до 31.12.2025 заради ниското ниво на свест за примарна селекција и недостаток на инфраструктура на :<br>• отпадни батерии од 35%; и | Националната цел за собирање на преносни батерии и акумулатори е согласно Директивата 2006/66 и истата во предлог законот е пролонгирана до 2025 во споредба со сегашниот закон (40% до 2020). Сметаме дека целта 45 % не може да се намали на 30 % имајќи предвид дека ЕУ воспоставил унифициран процент за сите земји |

| | |
|---|---|
| • автомобилски и индустриски батерии и акумулатори 80%<br><br>Со овој предлог всушност бараме пролонгирање на роковите за целите за собирање кои се пропишани во постојниот Закон за управување со батерии и акумулатори о отпадни батерии и акумулатори до 2025 година. | членки. Република Северна Македонија како земја кандидат, во овој поглед може да предвидува национални цели кои процентуално се истите со тие во Дирекивата. |
| **Член 35 (5)** да се замени дека обврската за пресметување на надоместок настанува во моментот кога почнува „користењето“ на батериите и акумулаторите со моментот кога батериите и акумулаторите се „пуштени на пазарот“ како што е регулирано со останатите закони за посебни текови на отпад. | **Коментарот не се прифаќа**<br><br>Ставот (5) од член 35 се однесува на надоместокот за батериите и акумулаторите кои се увезуваат од производител како краен корисник (за свои потреби) и кои не се наменети или не се очекуваа да се пуштат на пазар. Од таа причина сегашната формулација сметаме дека треба да остане непроменета.<br><br>За батериите и акумулаторите кои се пуштат на пазар, обврската за плаќање на надоместокот настанува во моментот на пуштање на пазар. Види Член 35 став (4):<br>„(4) Обврската за пресметување на надоместокот за производителот настанува во моментот кога батериите и акумулаторите за прв пат се пуштаат на пазарот во Република Северна Македонија.“ |
| **Член 26 став (5)** да се избрише или поинаку да се регулира затоа што еден трговец може да продава опрема од повеќе производители кои членуваат во различен колективен систем па останува нејасно со кој колективен систем треба да склучи договор. Со оглед дека секој производител има обврска да го преземе бесплатно производот кој го продал кога ќе стане отпад, трговецот би требало да склучи договор со сите колективни па да води евиденција од кој производител колку продал и колку и каков | Коментарот НЕ се прифаќа.<br>Трговецот задолжително прифаќа назад производ (отпадна батерија или акумулатор) независно од типот на марката на производот., односно независно од кој производител. Производителот не може да се задолжи да води евиденција за сите колективни постапувачи, доволно е да собира за еден од нив, а може да го прекине договорот ако има причина и да склучи со друг. Отпадните батерии и |

| | |
|---|---|
| тип на отпад собрал па соодветно да го предаде. Ова според нашето мислење е комплицирано и сосема нерационално. Од друга страна, склучување на договор со колективен чии производители воопшто не ни пуштаат на пазар опрема кај тој трговец исто така е крајно неприфатливо затоа што ќе се темели на договор кој не е во согласност со овој закон. | акумулатори не се врзуваат со определена марка, битно е посебната цел за собирање да биде постигната. |